ООУ„Панајот Гиновски“/ShFK “Panajot Ginovski”
Адреса/adresa: ул: „Ферид Бајрам” бр.30, Општина Бутел, Скопје/ rru.”Ferid Bajram” nr.30/Komuna Butel, Shkup
Tel/fax: 02 / 2621-416, oupanajotginovski@yahoo.com, ООУ „Панајот Гиновски“ (oоupanajotginovski.edu.mk)

Врз основа на член 2 од Законот за наставниците и стручни соработниците во основните и средните училишта (Службен весник на РМ бр. бр.161/19) и од Статутот на ООУ „Панајот Гиновски“, на ден 14.11.2023 година направена е следната

# ПРОЦЕДУРА

за начинот за менторска поддршка на приправник

**Член 1**

Со оваа процедура се уредува начинот на изрекување на педагошки мерки во ООУ „Панајот Гиновски“.

**Член 2**

Наставник и стручен соработник кој за првпат се вработува во основно односно средно училиште е наставник – приправник односно стручен соработник – приправник.

**Член 3**

Приправничкиот стаж по правило трае една година.

**Член 4**

За време на приправничкиот стаж на приправникот му следува плата во висина од 90% од платата на наставникот односно стручниот соработник.

**Член 5**

За време на приправничкиот стаж лицата се оспособуваат за самостојна воспитно-образовна, односно стручна работа преку стекнување на основните професионални компетенции.

**Член 6**

Приправникот за време на приправничкиот стаж соработува со наставниците односно стручните соработници и се подготвува за стручен испит.

**Член 7**

За време на приправничкиот стаж приправникот го води/насочува ментор кој го определува директорот на училиштето.

**Член 8**

Менторот на приправникот треба да има звање наставник-ментор или наставниксоветник, односно стручен соработник-ментор или стручен соработник-советник.

**Член 9**

Доколку во општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје, на чие подрачје е училиштето нема доволен број на ментори и советници, менторот се бира од редот на истакнатите наставници односно стручни соработници, кои ги поседуваат основните професионални компетенции и стандардите за наставник-ментор, односно стручен соработник-ментор и имаат најмалку седум години работно искуство како наставник, односно стручен соработник во училиште.

**Член 10**

Ментор на стручен соработник може да биде стручен соработник од ист образовен профил.

**Член 11**

Доколку во основното односно средното училиште нема стручен соработник од ист профил, ментор на стручен соработник може да биде стручен соработник од ист образовен профил од друго основно односно средно училиште на подрачјето на општината, општината во градот Скопје односно Градот Скопје.

**Член 12**

Менторот изготвува програма за поддршка на приправникот, врз основа на која го упатува, му помага, ја следи работата на приправникот и подготвува извештај за совладување на основните професионални компетенции и неговата подготвеност за полагање на стручниот испит.

**Член 13**

Формата, содржината и елементите на програмата односно извештајот од ги утврдува директорот на Државниот испитен центар на предлог на Бирото.

**Член 14**

Исто лице може да биде ментор во исто време на најмногу двајца приправници.

**Член 15**

За вршење на работа на ментор, училиштето на менторот му исплаќа надоместок во висина од 10% од платата која ќе ја прима приправникот по завршувањето на приправничкиот стаж.

**Член 16**

Приправникот по истекот на приправничкиот стаж полага стручен испит кој го организира Државниот испитен центар преку стручни комисии за спроведување на приправничкиот испит формирани од директорот на Државниот испитен центар од редот на вработените во Бирото, Државниот испитен центар и наставници по соодветните наставни предмети од основните односно средните училишта кои имаат најмалку седум години работен стаж во верифицирана воспитно-образовна установа и/или наставници од акредитирани високообразовни установи од соодветната област.

**Член 17**

Наставничкиот совет, врз основа на извештај за совладување на основните професионални компетенции и неговата подготвеност за полагање на стручниот испит, во рок од 15 дена од денот на приемот на извештајот, донесува предлог за полагање на стручниот испит или за продолжување на приправничкиот стаж најмногу во траење од шест месеци со истиот или друг ментор.

**Член 18**

Доколку и по продолжениот приправнички стаж приправникот не добие предлог од наставничкиот совет за полагање на стручниот испит, му престанува работниот однос во училиштето.

**Член 19**

Приправникот полага стручен испит само при првото вработување како наставник приправник во училиштето.

**Член 20**

Отсуството од работа на приправникот за време на полагањето на стручниот испит не се смета за отсуство од работа.

**Член 21**

Стручниот испит се спроведува во два испитни рока во текот на годината - есенски и пролетен испитен рок.

**Член 22**

Есенскиот испитен рок трае од 1 октомври до 30 ноември, а пролетниот во периодот од 1 март до 30 април.

**Член 23**

Приправникот за полагање на стручниот испит плаќа надоместок, чија висина ја утврдува министерот за образование и наука, врз основа на реално направените трошоци за спроведување на стручниот испит. Надоместокот за полагање на стручен испит е приход на Државниот испитен центар.

**Член 24**

Приправникот кој нема да го положи стручниот испит, може повторно да го пријави и полага испитот во наредниот испитен рок. Доколку не го положи и во наредниот испитен рок, му престанува работниот однос во училиштето.

**Член 25**

На приправникот кој го положил стручниот испит му се издава уверение за положен стручен испит најдоцна во рок од 15 дена од денот на полагањето на стручниот испит.

**Член 26**

Уверението го издава Државниот испитен центар, а го потпишува директорот на Државниот испитен центар.

**Член 27**

Уверението се издава во три примероци од кои едниот примерок му се доставува на приправникот, вториот се доставува до училиштето и се приложува во неговото персонално досие, а третиот се чува во архивата на Државниот испитен центар.

**Член 28**

За издадените уверенија во Државниот испитен центар се води електронска евиденција.

ООУ„Панајот Гиновски“/ShFK “Panajot Ginovski”
Адреса/adresa: ул: „Ферид Бајрам” бр.30, Општина Бутел, Скопје/ rru.”Ferid Bajram” nr.30/Komuna Butel, Shkup
Tel/fax: 02 / 2621-416, oupanajotginovski@yahoo.com, ООУ „Панајот Гиновски“ (oupanajotginovski.edu.mk)

**Член 29**

Програмата за полагање на стручниот испит на приправникот, на предлог на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука, ја пропишува министерот.

**Член 30**

Начинот на менторска поддршка на приправникот, спроведувањето на стручниот испит и формата и содржината на уверението за положен стручен испит ги пропишува министерот на предлог на Бирото, Центарот и Државниот испитен центар.

Скопје, 2023 година

Директор:
Благородна Сотиров